# До Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
# Правен факултет

| | |
|---|---|
| **Наслов на проектот** | **Социо-антрополошки, правни и историски аспекти на заштитата на културното и историско наследство во општина Карбинци** |
| **Клучни зборови** | **Етнографија, антропологија, Карбинци, историско наследство, култура** |
| **FRASCATI класификација** | **Политички науки (политички системи и граѓанско општество), социологија (социологија на политиката, социологија на образование), Правни науки (наука за управа), Историја, Археологија** |

## Детален опис на проектот:

### Детален опис на сегашните сознанија на предметот на истражувањето

Проектот „Социо-антрополошки, правни и историски аспекти на заштитата на културното и историско наследство во општина Карбинци“ се однесува на комплексната природа на заштитата на културното и историско наследство во општина Карбинци. Проектот се фокусира на заштитата на материјалното и нематеријалното културно наследство, во прв ред наследството производ на материјалните културни остатоци почнувајќи од раниот неолит, бронзеното доба, железното доба, антиката, средниот век и раниот османлиски период, како и нематеријалната култура која се однесува на обичаите на двете доминантни етнички заедници, македонската и турската. Оттука, мултикултурните аспекти и предусловите за меѓуетничка и меѓурелигиска коегзистенција ги продуцира денешните состојби на микрорегионот кој е предмет на истражување.

Материјалните културни остатоци се поврзуваат со најраната култура во Македонија, поврзана со археолошкиот локалитет Вршник, Таринци, антиката, репрезентирана преку археолошкиот локалитет Баргала, како и средновекувното црковно наследство.

Обичаите на ендогамната културна заедница на Турците Јуруци во Плачковичкиот регион е извор на богато културно наследство, кое може да се воочи низ народните носии, народниот бит, фолклор и сеопфатноста во начинот на егзистирање на оваа заедница.

**Предложени истражувања**

## 1. Цели на истражувањето

Основниот предмет на истражувањето се фокусира на систематизирање на постојните сознанија во регионот кој е предмет на ова истражување, подеднакво опфаќајќи ги материјалните историски остатоци, но и нематеријалното културно наследство. Ова истражување ги има следните цели:

- Да се утврдат факторите на кои влијаат за историскиот континуитет на живеење во овој регион
- Да се утврдат карактерот и формата на севкупното културно наследство
- Да се утврди корелативниот однос различностите во културите за современите принципи на меѓуетничка коегзистенција
- Да се направи проекција во однос на потенцијалите на културното наследство за промоција и развој на микрорегионот со акцент на апликативни аспекти на развој на руралниот туризам и активна промоција на културното наследство
- Да се утврдат постојните нормативни аспекти за заштита и унапредување на културното наследство, подеднакво на национално нормативно ниво, но и согласно меѓународните процедури и стандарди за заштита на истото
- Да се изведат соодветни препораки за генерирање на стратегии за развој на регионот, преку утилизација на културното и историско наследство и неговата промоција

## 2. Методи

Во рамките на истражувањето ќе бидат спроведени следните истражувачки методи и техники на прибирање и обработка на податоци:

Анализа на содржина (анализа на закони, анализа на теоретска литература-учевници, статии и сл.)

Компаративна анализа (анализа со слични искуства и практики на заштита и промоција на културното наследство)

Статистичка анализа (анализа на статистички податоци за демографските потенцијали и карактеристики на регионот кој е предмет

на истражување).

Спроведување на полуструктурирани интервjуа со претставници на заедниците кои се предмет на истражување

Спроведување на набљудување и научни опсервации кои се однесуваат на културните карактеристики на групите кои се предмет на истражување

Во истражувањето ќе се користи квалитативна анализа (анализа на интервју и анализа на документи) и квантитативна анализа на податоци (статистички податоци).

Во истражувањето ќе се користи мултиваријациона анализа со цел да се даде опис на големиот број променливи кои ќе бидат дефинирани во истражувањето.

### 3. Временска рамка на истражувањето

Истражување е предвидено да трае две години, со следната предвидена динамика:

**а) Прво полугодие** (Организација и координација на тимот, со распределба на должностите. Методолошка подготовка на полуструктурираните интервjуа и обезбедување на соодветната законска и теоретска регулатива. Обезбедување на статистички податоци).

**б) Второ полугодие** (Спроведување на предвидените интервjуа. Набљудување и теренско истражување во рамките на заедницата на Турците Јуруци и Македонците во регионот кој е предмет на истражувањето).

**в) Трето полугодие** (Компаративна анализа на законската регулатива и соодветната литература. Статистичка обработка на податоците). Сумарна анализа на податоците добиени од истражувањето, компарација на резултатите со најновите теоретски сознанија. Продуцирање на генерален модел (генерализација) и создавање на соодветна теоретска рамка во која резултатите можат да се вклопат.

**г) Четврто полугодие** Подготовка на сумарниот извештај од истражувањето. Подготовка на публикација и презентација на резултатите.

**ВТОР ДЕЛ/PART 2:**
**Истражувачки тим:**

**Главен истражувач:**

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | **Страшко Стојановски** |
| **Титула** | **Редовен Професор** |
| **Позиција** | |
| **Адреса** | **Х. Т. Карпош 200, Штип** |
| **Тел. / Факс** | **00389(0)78321086** |
| **Е-пошта (e-mail)** | **strasko.stojanovski@ugd.edu.mk** |

**Кратка биографија:**
**Образование**
**Докторски студии**
Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје, Филозофски факултет Институт за Социологија
**Магистерски студии**
Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје, Филозофски факултет Институт за Социологија
**Факултетски студии**
Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје, Филозофски факултет Институт за Историја
**Наставна област**
Теоретско правни науки (Политичка Социологија, Социологија на Правото, Граѓанско општество)
**Интерес во науката**
Конструкција на колективни идентитети, Етнички групи, Национализам, Меѓуетничка коегзистенција на Балканот и во Македонија, Градење на одржлив мир-Социолошки аспекти
**Вработување и работно искуство**
од Јули 2007 Помлад асистент на Универзитетот „Гоце Делчев„-Штип, Правен факултет.
од Октомври 2011 Доцент на Универзитетот „Гоце Делчев„-Штип, Правен факултет.

**Специфични задачи во рамките на проектот**
Организирање на активностите во сите фази на истражувањето. Фокусирање на социо-антрополошките аспекти на нематеријалното културно наследство кај различните етнички заедници кои егзистираат во регионот кој е предмет на истражување

**Истражувач:** (приложете посебен формулар за секој истражувач вклучен во проектот)

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | **Јадранка Денкова** |
| **Титула** | **Редовен Професор** |
| **Позиција** | |
| **Адреса** | **Бул. "Јане Сандански" бр.118 3/9** |
| **Тел. / Факс** | **0038970306402** |
| **Е-пошта (e-mail)** | **jadranka.denkova@ugd.edu.mk** |

**Кратка биографија:**

Јадранка Денкова родена во Скопје Република Македонија 1963 година. Вработена како доцент на Правнот факултет Правниот при Универзитетот " Гоце Делчев " во Штип. Магистрирала на темаОрганизациски претпоставки за ефективност и ефикасност на јавните научн установи, а докторирала на тема Правното дефинирање на кругот на одговорноста како основа за ефективна државна администрација во РМ. Во својата образовна и научноистражувачка работа насочена е кон менацирањето, организирањето и одговорноста на јавната администрација како и воспоставувањето на административното право и анализа на управно-процесните постапки. Учествувала на многубројни конференции и семинари од каде што може да се издвои Проектот за реформа на јавната администрација во РМ. Индивидуалниот проект за Универзитетски менаџмент остварен во Ница Франција. Три месечен престој во Индија на Институтот за јавна администрација како и вклученоста ако експерт во проектот *WJP Rule of Law Index, contributing expert* **ISBN (print version): 978-0-9882846-2-3 ISBN (online version): 978-0-9882846-3-0** as an expert.

**Специфични задачи во рамките на проектот**
Спроведување на истражување на нормативната рамка за заштита и унапредување на културното и историско наследство во национални размери (посебни закони и подзаконски акти кои ја уредуваат предвидената материја), како и меѓународните стандарди поврзани со унеско и различни агенции на ООН, како и европската регулатива.

**Истражувач:** (приложете посебен формулар за секој истражувач вклучен во проектот)

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | **Даниела Коцева** |
| **Титула** | **Вонреден Професор** |
| **Позиција** | |
| **Адреса** | **19-та Бригада, бр.13 Штип** |
| **Тел. / Факс** | |
| **Е-пошта (e-mail)** | **daniela.jakimova@ugd.edu.mk** |

**Кратка биографија:**

РАБОТНО ИСКУСТВО

09.2006 - 08.2007 - "Страшо Пинџур" Карбинци,
Одделенски наставник
Од 09.2007 - Универзитет "Гоце Делчев"- Штип, Факултет за образовни науки,
Професор по социологија

ОБРАЗОВАНИЕ
Докторски студии 2014 - Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет - Скопје, Институт за социологија
Доктор по социолошки науки
Магистерски студии 2010 - Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет - Скопје, Институт за социологија
Магистер по социолошки науки

**Специфични задачи во рамките на проектот**
Спроведување на истражување кое се однесува на социо-антрополошките карактеристики на заедниците кои се опфатени во регионот на општина Карбинци. Разработување на аспекти на мултиетничкиот и мултирелигискиот карактер на микросредината, со етнографски и етнолошки карактеристики.

**Истражувач:** (приложете посебен формулар за секој истражувач вклучен во проектот)

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | **Стојко Стојков** |
| **Титула** | **Вонреден Професор** |
| **Позиција** | |
| **Адреса** | **гр. Сандански, Бугарија** |
| **Тел. / Факс** | |
| **Е-пошта (e-mail)** | **stojko.stojkov@ugd.edu.mk** |

**Кратка биографија:**

III. ОБРАЗОВАНИЕ:

ДОКТОР НА ИСТОРИСКИ НАУКИ, Филозофски факултет при универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, 2013 г.

МАГИСТЕР по историја, Филозофски факултет при универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, 2003 г.

ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ Средновековна историја на Македонија, Филозофски факултет при универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје.

УНИВЕРЗИТЕТСКО ОБРАЗОВАНИЕ - Историја, Филозофски факултет при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, 1998 г.

IV. РАБОТНО ИСКУСТВО:

2014 – 2018 универзитетски доцент на Факултет за образовни науки УГД Штип

2018 – 2023 г. вонреден професор на Факултет за образовни науки УГД Штип

2015 – 2023 – член на раковотството на Комитетот за византологија и медиевистика на Р. Македонија

2004 – 2022 – Весник „Народна волја“, позиција Заменик на главниот уредник, новинар, технички уредник

2004 – 2023 – Копретседател на ОМО „Илинден“-ПИРИН и одговорен за врски со јавноста.

2005 – 2015 г. уредник на билтен „Македонски глас“

2001 - Работник во печатница „Менора“ Скопје

1999 – 2002 г. - „Македонско сонце“ – новинар

1997 – 2002 г. - „Архив на Македонија“ – хонорарен преведувач од бугарски на македонски и од македонски на бугарски.

1994 – 1998 г. – Студентско друштво на Македонците од Р Бугарија, позиции – претседател; секретар

**Специфични задачи во рамките на проектот**
Спроведување на истражување кое се однесува на историските аспекти на доцноантичкото, средновековното и раното османлиско културно-историско наследство во општина Карбинци. Анализа на средновековните архитектонски остатоци, црковната историја, како и доселувањето на Турците Јуруци во регионот.

**Истражувач:** (приложете посебен формулар за секој истражувач вклучен во проектот)

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | **Трајче Нацев** |
| **Титула** | **Редовен Професор** |
| **Позиција** | |
| **Адреса** | **Сремски Фронт 27/5, 2000 Штип** |
| **Тел. / Факс** | |
| **Е-пошта (e-mail)** | **trajce.nacev@ugd.edu.mk** |

**Кратка биографија:**
Комуницирање и раководење со луѓе, проекти и буџети;

на работа,во волонтерска работа (култура и спорт) и дома: Од моето запослување од 1988 па се до 2010 година во Н.У. Завод за заштита н а спомениците на Културата и народен Музеј Штип Македонија и Универзитет Гоце Делчев – Штип, имам раководено со над сто проекти финансирани од Министерство за Култура на Р.Македонија (од областа на музеологијата и конзервација на недвижно култутно наследство), во десет проекти од областа на заштитни археолошки истражувања, во над 40 проекти како член на стручна екипа и изработка на над 50 Елаборати за конзервација на недвижно културно богатство.

Во овој период, автор сум на постојаната археолошка поставка на НУ Завод и Музеј Штип, автор на тематска изложба со наслов Трите Керамитки, како резултат од заштитните археолошки истражувања изведени на триесет археолошки локалитети загрозени со изградбата на хидросистемот Злетовица во перидот од 2007 до 2009 година и коавтор на изложбите: Антиката во Југоисточна Македонија, Пијанец низ вековите и Накитот низ вековите.

Во истиот период како раководител и член на стручна екипа бев ангажиран од повеке институции од областа на музеологијата и заштитата: НУ Музеи на Македонија – Скопје, Нацонален конзерваторски центар - Скопје; Н.У. Завод за заштита на Спомениците на културата и Музеј Струмица, Народен Музеј Св.Николе, НУ Музеј Гевгелија и НУ Стоби.

Во периодот од 2010 до 2023 година, бев ангажиран како раководител и член на проекти од научно истражувачка работа и заштита на културното наследство во Р.Македонија и Р.Бугарија.

Во 2022 година, бев кораководител на Археолошка школа, во организација на Универзитет Гоце Делчев Штип и Балканско наследство од Софија.

- Учество на конференции: од моето вработување до денес имам учествувано на голем број на конференција во Македонија и во странство

- Предавања на други универзитети:

Во март 2019 година, на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, во Велико Трново, Република Бугарија, одржани две предавања на тема:

1.Антиката во Брегалничкиот басен

2.Ранохристијанска архитектура

- Научни трудови:

Автор и коавтор на над 100 научни трдуа.

- Учебници

Античка архитектура

Книги:

Доцноантичкиот град Баргала

Антиката во Брегалничкиот Басен

Баргала

Bargala

**Специфични задачи во рамките на проектот**
Спроведување на истражување кое се однесува на историските аспекти на раната неолитска култура (култура Вршник-Амзабегово), бронзеното, железното време, како и доцноантичкото материјално наследство поврзано со археолошките истражувања на локалитетот Баргала

**Млад истражувач:** (приложете посебен формулар за секој млад истражувач вклучен во проектот, минимум 2 учесници)
**сите информации за младиот истражувач на не повеќе од една страна)**

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | **М-р Ана Здравева** |
| **Титула** | **Асистент** |
| **Позиција** | |
| **Адреса** | АСНОМ 15, 2000, Штип, Северна Македонија |
| **Тел / Факс:** | (+389) 77848520 |
| **e-mail** | ana.zdraveva@yahoo.com |

**Кратка биографија:**

Ана Здравева е родена на 05/08/1992 година. Дипломира и магистрира на Правниот факултет, при универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во моментов е асистент во граѓанско-правната област на Правниот факултет, при универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

01/01/2020 – 30/06/2020 – Штип

ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР – ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРАВНИЦИ ЛЕГАЛ ТИНК ШТИП

Проектен координатор на проектот #Поддржи млади, поддржан од Агенција за млади и спорт,

Организација на јавни настани, работилници и состаноци,

Соработка со младински организации и локален младински совет за подобрување на младинското информирање и зајакнување на младинската политика

Подготовка на финансиски и наративни извештаи.

09/2016 – 04/2021 – Штип

СЕКРЕТАР – ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ШТИП

Стручно - административни и организационо - технички работи

stip@sec.mk

01/07/2020 – 30/09/2020 – Штип

КООРДИНАТОР НА АКЦИЈА – УСАИД

Координатор на акција "Работнички права во време на криза", поддржано од УСАИД,

Анализа на уредби и закони,

Подготовка на правни совети и содржини за работнички права во време на пандемија,

Подготовка на кампања за подучување и информирање за права и обврски.

01/03/2020 – 31/07/2020 – Штип

ЛОКАЛЕН КООРДИНАТОР – МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ

Локален координатор на проектот Ангажирани студенти за студентски домови без корупција во Северна

Македонија,

Координирање на проектни активности и комуникација со партнерска организација,

Организирање на настани.

01/08/2018 – 14/10/2018

7МА ФУТУРА РЕГИОНАЛЕН МУТ КОРТ НАТПРЕВАР ПРЕД ЕВРОПСКИ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА – Civil Right

Defenders

Десетнеделен едукативен курс за Европската конвенција за човекови права и судската пракса на

Европскиот суд за човекови права,

Регионален натпревар.

22/01/2018

ДРЖАВЕН ПРАВОСУДЕН ИСПИТ – Министерство за правда Скопје

19/06/2017 – 25/06/2017

ОХРИДСКА ШКОЛА НА ПРИРОДНОТО ПРАВО: ДЕМОКРАТИЈА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО – Центар за

стратегиски истражувања МАНУ

2011 – 2016

ДИПЛОМИРАН ПРАВНИК -ПРАВОСУДНА НАСОКА – Универзитет "Гоце Делчев" - Штип, Правен факултет

9,55 EQF нивоl 6 VI A ЕКТС 300

09/12/2015 – Штип

ДЕНОВИ НА СИМУЛИРАНО СУДЕЊЕ – Универзитет "Гоце Делчев" - Штип, Правен факултет

www.ugd.edu.mk

03/2015 – 04/2015

ПРОГРАМА ЗА ПРАКСА И ОБУКА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА – Здружение на млади правници

Следење на судски рочишта,

Учество на обука за Меѓународни човекови права

Учество на конференции

06/09/2018 – 07/09/2018 – Штип

Петта Меѓународна научна конференција - Социјалните промени во глобалниот свет - област млади

истражувачи

14/11/2013 – 23/11/2013 – Прага, Република Чешка

Youth Entrepreneueship Services (YES)

07/05/2012 – Штип

The OSCE and its role in South East Europe

Други постигнувања

Пофалница во знак на признание за постигнат најдобар успех во студирањето

Државна стипендија за студенти со постигнат успех во студирањето (2013-2016)

**Специфични задачи во рамките на проектот**

Техничка поддршка во организација на активностите во рамките на проектот. Организирање на методологијата, реализација на истражувањето и продуцијање и промоција на резултатите од самото истражување.

**Млад истражувач:** (приложете посебен формулар за секој млад истражувач вклучен во проектот)

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | **Севда Мемиш** |
| **Титула** | |
| **Позиција** | **Студент** |
| **Адреса** | **Нас. Балканска, Штип** |
| **Тел. / Факс** | |
| **Е-пошта (e-mail)** | **memissevda27@gmail.com** |

**Кратка биографија:**
Редовен студент во втора година по правни во Универзитетот ,,Гоце Делчев”Штип.
Основно образование ПОУ„Тошо Арсов”Штип Средно образование СОУ Гимназија..Славчо Стојменски”Штип Факултет Редовен студент по правни науки во Универзитетот „Гоце Делчев”Штип
Одлични комуникациски вештини стекнати при моето образование.
Одлични организаторски вештини стекнати за време на студирањето.
Компјутерски вештини:одлично владеење со сите алатки на MS Office пакетот. Јазици: Англиски Турски Македонски.

**Специфични задачи во рамките на проектот**
Техничка поддршка во организација на активностите во рамките на проектот. Организирање на методологијата, реализација на истражувањето и продуцијање и промоција на резултатите од самото истражување.

**Млад истражувач:** (приложете посебен формулар за секој млад истражувач вклучен во проектот)

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | **Стефан Манов** |
| **Титула** | |
| **Позиција** | **Студент** |
| **Адреса** | **„Пиринска 80“, Штип,** |
| **Тел. / Факс** | |
| **Е-пошта (e-mail)** | **stffmann@gmail.com** |

**Кратка биографија:**
Стефан Манов, редовен студент при универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на факултетот за образовни науки. Студирам на програмата за историја – наставна насока, со запишан седми семестар, четврта студентска година. Основното образование го завршив во ООУ „Тошо Арсов“ – Штип, а средното во СОУ „Славчо Стојменски“ – Штип. Досега имам учествувано на неколку проекти и семинари: проект за градење на капацитети на младите историчари за справување со блиското минато (во организација на АНИМ), на вебинар на тема „Парламентот како основна институција на парламентарното право“ како и на неколку литературни конкурси. Во текот на досегашното студирање имам остварено просек од 9,67.

**Специфични задачи во рамките на проектот**
Техничка поддршка во организација на активностите во рамките на проектот. Организирање на методологијата, реализација на истражувањето и продуцијање и промоција на резултатите од самото истражување.

**Млад истражувач:** (приложете посебен формулар за секој млад истражувач вклучен во проектот)

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | **Кристијан Панев** |
| **Титула** | |
| **Позиција** | **Асистент** |
| **Адреса** | |
| **Тел. / Факс** | |
| **Е-пошта (e-mail)** | **kristijan.panev@ugd.edu.mk** |

**Кратка биографија:**
Кристијан Панев е асистент на катедрата за деловно право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Завршил магистерски студии по меѓународно право на Универзитетот во Стокхолм, Шведска, каде бил ангажиран и како асистент за истражување во научно – истражувачки проект, како и магистерски студии на правни науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Во

2018 го положил и Правосудниот испит во Македонија. Тој има повеќе од седум години професионално искуство во граѓанскиот сектор, каде работи на проекти за добро управување, човекови права и развој на демократијата. Во периодот 2019 – 2021 бил и член на Управниот одбор на Националниот младински совет на Македонија, одговорен за стратешки развој на организацијата и креирање на политики и законски решенија поврзани со младинско учество и младински политики. Учествувал во бројни домашни и меѓународни конференции, работилници и обуки од областа на правото, човекови права и управување со проектен циклус. Автор е на повеќе анализи, извештаи и стручни трудови, објавени во домашни и меѓународни списанија. Одлично зборува македонски и англиски јазик, а има познавање и од шпанскиот и германскиот јазик.

**Специфични задачи во рамките на проектот**
Техничка поддршка во организација на активностите во рамките на проектот. Организирање на методологијата, реализација на истражувањето и продуцијање и промоција на резултатите од самото истражување.